**ОСНОВЕН СУД СТРУГА**
**СУ-65/20-1**
**20.03.2020 година**
**С Т Р У Г А**

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВНИОТ СУД СТРУГА** Ифет Бајрамоски, врз основа на член 13 ст.1 и 119 од Судскиот деловник и член 88 од Законот за судовите, на ден 20.03.2020 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Во зградата на Основниот суд во Струга се дозволува влегување на странки или нивни полномошници/бранители, само со уредна покана за итни предмети, претходна најава и итна потреба.

На останатите лице нема да им биде дозволен влез и движење во просториите на Основен суд Струга.

Контролата и легитимирањето на лицата на влезот на Основен суд Струга да ја вршат припадниците на судската полиција и истите да постапуваат согласно правилата на службата. При вршење на контролата припадниците на судската полиција се должни да им укажат на лицата кои е потребно да присуствуваат во Судот на предметите од итна природа самите да обезбедат соодветна заштитна опрема.

Хигиеничарите да вршат редовно и интензивно одржување на хигиената во просториите на Основен суд Струга со употреба на средства за дезинфекција. Посебно и по повеќе пати во денот да биде одржувана хигиената на влезот од зградата на судот и приземјето, посебно во делот на приемното одделение.

Сите вработени во Основен суд Струга да ја одржуваат хигиената со особено внимание.

Непочитувањето на оваа одлука ќе биде процесуирано и санкционирано согласно Закон.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 18.03.2020 година Претседателот на Република Северна Македонија донесе одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба бр.08-526/2 од 18.03.2020 година, објавена во Службен весник на РСМ бр.68 од 18.03.2020 година, врз основа на образложен предлог на Владата на Република Северна Македонија, со кој се утврдува постоење на пандемска епидемија прогласена од Светската здравствена организација за нов вид на вирус кој е проширен на сите континенти и ја зафаќа територијата на Република Северна Македонија.

Имајќи ја предвид одлуката на Претседателот на Република Северна Македонија, како и Заклучоците на Владата на Република Северна Македонија заради превенција и спречување на ширење на корона вирусот КОВИД 19, донесени по доставената информација на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот на управување со кризи за превземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на корона вирусот по сугестија на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на РСМ, истите укажуваат и обврзуваат дека е потребно да се превземат мерки за заштита на здравјето и животите на вработените и останатите луѓе и спречување на натамошно ширење на вирусот, се одлучи како во изреката.

**Претседател на судот,**
Ифет Бајрамоски